Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина
Палата "Емануел Чучков", ул."Павел Шатев" бр.2, 5-ти спрат
http://www.sei.gov.mk/

ЗАПИСНИК
за извршен инспекциски надзор
**бр. ИП1-09-106**
Датум 25.11.2021 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Друштво за производство и дистрибуција на електрична енергија ХИДРО ЕНЕРЏИ ГРОУП ДОО експорт-импорт Скопје |
| Кратко име | ХИДРО ЕНЕРЏИ ГРОУП ДОО – Скопје |
| Седиште/адреса на субјектот | ул.“ 1632“ бр.46 Скопје – Гази Баба |
| Адреса за е-пошта | contact@heg.com.mk |
| Телефон | / |
| Матичен број на субјектот | 6550118 |
| Даночен број на субјектот | 4043010503219 |
| Број на жиро сметка на субјектот | 250010102093920 |
| Банка депонент | Шпаркасе банка АД Скопје |

Одговорно/и лице/а на субјектот: управител

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Сашо Митевски<br>ЕМБГ | 078 464 025 | s.mitevski@heg.com.mk |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | **1. РЕДОВЕН** | ~~2. ВОНРЕДЕН~~ | 3. ~~КОНТРОЛЕН~~ | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 25.11.2021 | Време на почеток на инспекцискиот надзор [чч.мм] | | 10.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 25.11.2020 | Време на завршување на инспекцискиот надзор (чч.мм) | | 13.30 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | МХЕ “Тресонечка “ реф.бр. 11 | | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | 35.11 Производство на електрична енергија | | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | река Тресонечка , с.Тресонче , општина Маврово и Ростуше | | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. месечниот план за работа на инспекциската служба за месец Ноември , 2021 година;
2. ~~налог издаден од раководителот на инспекциската служба,бр___ од ___год.;~~
3. ~~налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. ___ од _____ година;~~
4. ~~записник/решение за извршен инспекциски надзор број ___ од _____ година.~~

4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и видна инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):

1. Тони Димески , водостопански инспектор

5) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):

Редовен инспекциски надзор, согласно месечен план за Ноември 2021год. Увидот се врши според член 230 став (1),став (2),став (3) а во врска со член 28 и 213 за работата на мала хидроелектрична централа МХЕ " Тресонечка " со реф.бр.11 согласно Закон за водите (Службен весник бр. 87/2008; 6/2009; 161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015; 52/2016 и 151/2021), како и врз основа на член 69,79,82 од Законот за инспекциски надзор (сл.вес.бр.102/2019).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

1. ~~Е употребеналисти за проверка,која е дадена во прилог и е составен дел на овој записник~~
2. Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината): Листа за проверка ќе биде Дозволата за користење на вода за производство на електрична енергија

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Сашо Митевски | 078 464 025 | s.mitevski@heg.com.mk |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| Име и презиме | Својство |
|---|---|
| | |

9) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот на инспекцискиот надзор: Преставникот на субјектот на надзор со известување за инспекциски надзор бр. 09-19/1 од 04.11.2021год. е запознаен согласно член 62 за Правата на субјектот на инспекциски надзорот при вршење на инспекциски надзор, член 63 за Обврските на субјектот на инспекциски надзор и член 64 за Целта на инспекциски надзор, според Закон за инспекциски надзор (Сл.весник бр. 102/2019).

Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:
Правниот субјект Друштво за производство и дистрибуција на електрична енергија ХИДРО ЕНЕРЏИ ГРОУП ДОО експорт-импорт Скопје, извршува дејност производство на електрична енергија,согласно член 26 и 28 од Закон за водите, преку издадена Дозвола со која стекнува водно право за користење на вода за производство на електрична енергија на МХЕ"Тресонечка" со реф.бр.11 на локалитет на река Тресонечка општина Маврово и Ростуше.

Доказ : Копија од Дозвола број 11- 4516/6 од 09.09.2011 год. за користење на вода за производство на електрична енергија и употреба на МХЕ "Тресонечка"со реф.бр.11 со инсталирана моќност од 1860KW со придружни објекти (зафатна градба со таложник, доводен цевковод со L=1397,22m. DN= 1000mm.машинска зграда со одводна вада) на локалитет река Тресонечка, с.Тресонче,општина Маврово и Ростуше, издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Во присуство на преставник на субјектот на надзорот , се изврши теренски увид на местото каде се врши зафаќање на водата која се користи за производство на електрична енергија на зафатната градба со таложник, лоцирани во речното корито на река Тресонечка и машинската зграда на МХЕ "Тресонечка"реф.бр.11.

Од извршениот увид , се констатиран дека правниот субјект ХИДРО ЕНЕРЏИ ГРОУП ДОО Скопје , во врска со одржувањето и управувањето со малата хидроцентрала и придружните објекти постапува согласно условите предвидени во Дозволата број 11-4516/6 од 09.09.2011 г. за користење на вода за производство на електрична енергија.

Зафатната градба со таложникот е изградена во речното корито на река Тресонечка на кота (1115 м.н.в.). која се состои од преграден праг со преливник,слапиште,крилни зидови ,возводен тепих и ризберма.Машинската зграда изградена е на кота (1000 м.н.в.). Зафаќањето на вода од река Тресонечка соодветно на зафатните објекти не смее да надмине количина од $Q = 1,9\ m^3/s$. Во моментот на надзорот на зафатната градба има помал проток на вода во реката од максималниот. Во правец на таложницата постои комора за зафаќање на доводот на вода која преставува шахта со димензии А/Б 6,00/5,00м. и висина од 5,5м. Зафатената вода се воведува во доводниот подземен цевовод под притисок со должина од 1397,22м. со Ф=1000мм. преку кој се носи до машинската зграда каде помунува низ две турбини Пелтон, а потоа преку две независни одводни вади се испушта и се враќа преку вкопани цевки Ф 800мм. во речното корито на река Тресонечка.

Биолошкиот минимум определен во дозволата за река Тресонечка во низводниот дел од зафатот , со количина од 1/10 од просечниот повеќегодишен средногодишен проток , се обезбедува и пропушта преку таложницата во која се врши исталожување на нанос во која на крајот преку испуст за промивање на наносот се врши и континуирано испуштање на вода , а преку рибјата патека се обезбедува потребниот биолошки минимум кој изнесува $Q_{bio.min.} = 0,1\ м^3/сек$.

Се врши електронско мерење и континуиран мониторинг на водата што се зафаќа од река Тресонечка за производство на екклектрична енергија, за што се води уредна евиденција во електронска форма. Просторот узводно, низводно и околу зафатот се чисти и редовно се одржуваат. Одржувањето на зафатниот објект, цевководот и хидроцентралата со придружните објекти е уредно.

Носителот на дозволата правниот субјект ХИДРО ЕНЕРЏИ ГРОУП ДОО Скопје согласно точка 12 од истата, е должен да пресметува и да плаќа за користење на водата за производство на електрична енергија 1% од производствената цена на еден киловат час на прагот на електраната согласно член 213 став(13),(14) и (15) од Закон за водите.

Доказ : При инспекцискиот увид претставникот на субјектот на надзорот приложи на увид копија од платени надоместоци за 2020 год. како и последната месечна уплата од 08.11.2021 год. за месец Септември 2021 год. со износ од 9807,00 ден. за уплатен надомест за користење на вода за производство на електрична енергија во МХЕ "Тресонечка " реф.бр.11, согласно точка 12 од Дозволата за користење на вода за производство на електрична енергија што е во согласност со чл.213 од Закон за водите.

Од страна на претставникот на правниот субјект присутен на инспекцискиот надзор, на увид се приложија и следните документи:

- Тековна состојба од 21.10.2021 год.
- Копија од Дозвола број 11- 4516/6 од 09.09.2011 год. за користење на вода за производство на електрична енергија и употреба на мала хидроелектрична централа МХЕ " Тресонечка " реф.бр.11, на река Тресонечка , општина Маврово и Ростуше, издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање.
- Копија од Решение за упис во Регистарот на електроцентрали што користат обновливи извори на енергија бр.03-1082/2 од 28.11.2013год. издадено од Агенција за енергетика на Република Македонија.

- Копија од Решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија бр.УП1бр.08-227/13 од 24.12.2013 год.издадено од Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија.
- Копија од Одлука за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија бр.УП1бр. 08 -228/13 од 24.12.2013г. издадено од Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија.

– **врз основа на наодот (да се заокружи само едно):**

1. не се утрдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;

2. ~~утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се преземени следните мерки:~~

10) Со содржината на овој записник исо утврдената фактичка состојба, е запознаенпретставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/~~ИМАШЕ~~ забелешки.

11) ~~Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:~~

| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br><br>Сашо Митевски | | Печат и потпис на инспекторот:<br><br>Тони Димески | |
|---|---|---|---|
| Датум: 25.11.2021 | | Датум: 25.11.2021 | |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.